## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 25.10.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3936 | 1 | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ТАЈМ Павле ДООЕЛ Гевгелија

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 октомври 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РАДИО ТАЈМ Павле ДООЕЛ Гевгелија ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД РАДИО ТАЈМ Павле ДООЕЛ Гевгелија во 2020 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2020 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал пет лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 14.09.2021 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3378/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 24-ти септември и 25-ти октомври 2021 година (Список на лица вработени/одјавени по фирма во период 01.04.2021 до 30.06.2021 година и Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 15.10.2021 година, издадени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како и два договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно пет лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***